ЈПК"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-100/1
11.03.2021 год.
Д Е Л Ч Е В О

ЈКП БРЕГАЛНИЦА
Д Е Л Ч Е В О

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА
# НА ЈКП"БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО
# ЗА 2020 ГОДИНА

**Делчево**
**Март 2021**

## -ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Решение бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година донесено од Собрание на Општина Делчево како Установа за комунални услуги и е запишано во Судскиот регистар со Решение на Окружниот стопански суд во Штип Ус. Број 122/66 од 22.12.1966 година.

Со Одлука на Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27.11.1989 година ЈКП Брегалница-Делчево е организирано како јавно претпријатие за комунални дејности.

Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево со арх.број 0101-121/1 од 19.04.2019 година е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на ден 19.04.2019 година а Советот на Општина Делчево има дадено согласност на истиот со Одлука бр.09-1049/1 од 07.06.2019 година.

## -ДЕЈНОСТ

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево е основано заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие дејноста ја врши трајно и без прекин а неговата работа е јавна и транспарентна и претставува незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Делчево.

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпадот, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност на претпријатието е:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

- одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
- собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
- расчистување на диви депонии во градот и руралните населби;
- изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
- чистење и метење на улици и јавни површини;
- одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
- одржување, уредување и управување со градски гробишта;
- одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија;
- одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево;
- крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

## -ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.Сектор за Општи и правни работи;
2.Сектор за Финансии, сметководство и комерција
3.Сектор за Водовод и канализација;
4.Сектор за Комунална хигиена;
5.Сектор за Градско зеленило и гробишта.

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
- Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈКП "Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2020 година изнесува 81 вработени во редовен работен однос и 10 привремени работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

## -РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ВО 2020 ГОГИНА

## СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Согласно планираните активности во Програмата за работа за 2020 година овој сектор во извештајниот период ги има извршено сите тековни работи околу правилно и законско функционирање на целокупното работење на претпријатието, како и сите правни и административно-технички работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Во делокругот на оваа работна единица спаѓа и подготовка на материјали за седниците на Управниот и Надзцорниот одбор, изготвување записници од седници и одлуки и други акти.Во 2020 година одржани се вкупно 7 седници на Управниот одбор на ЈКП Брегалница-Делчево и 4 седници на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето во текот на 2020 година преземени се сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно изготвувани и доставувани се редовно опомени и предупредувања за долг и до надлежните Нотари поднесени се вкупно 136 предлози за донесување на решенија врз основа на веродостојна исправа.

## СЕКТОР ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2020 година покрај тековните работни активности кои се состојат од изготвување на финансиски планови и анализи за работата на претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава претпријатието преку службата на инкасатори, во рамките на оваа работна единица во 2020 година изготвени се периодични (тримесечен, шестмесечен и деветмесечен) извешти за финансиското работење во 2020 година како и Годишен финансиски извештај за работата за 2019 година како и Годишна сметка за 2019 година и истите се усвоени од Надзорниот и Управниот одбор на претпријатието како и од Советот на Општина Делчево.

Во 2020 година продолжено е со ажурирање на податоците за корисниците на комунални услуги од страна на екипи составени од вработени и овој процесс ќе продолжи во текот на целата наредна година.

Во 2020 година во рамките на Проектот за водоснабдување на Делчево финансиран од Швајцарската влада во функција е ставена и можноста за електронско плаќање на фактурите преку WEB страната на претпријатието со цел зголемување на наплатата и овозможување на побрз полесен и поефикасен начин на плаќање на комуналните услуги кои ги вршиме.

Исто така во 2020 година направена е и надградба на софтверот за финансиското работење и на наплатата со што ќе се овозможи подобра и поточна евиденција на финансиските податоци поодделно по работни единици и дејности.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ, ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА ВО 2020 ГОД.

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Датум на набавка | Ед.цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | канцелариски материјали и тонери | | 01.01.2020-31.12.2020 | | 112.640 |
| 2 | Електрик фар | 2 | 23.01.2020 | 3.136 | 7.400 |
| 3 | Решо индукционо | 1 | 08.01.2020 | 3.644 | 4.300 |
| 4 | Алати и материјали за тековно одржување | | 01.01.2020 -31.12.2020 | | 20.020 |

**ВКУПНО 144.360,00 ДЕНАРИ**

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2020 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 552.570 $м^3$ вода.

Главни носители на потрошувачката се домаќинствата со 503.415 $м^3$ или 92%, а до правни лица дистрибуирани се 49.155 $м^3$ или 8%.

Во 2020 година од домаќинствата и правните лица преку јавниот канализационен систем се одведени и фактурирани вкупно 532.488$м^3$ урбани отпадни води.

Од домаќинствата се одведени вкупно 476.693$м^3$ отпадни води или 89% од вкупно фактурираната канализација а од правните лица одведени се 55.795$м^3$ урбани отпадни води или 11%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2020 година ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности:

- Отклонети се вкупно 82 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф225=7; ф110=15; ф90=23; ф63=29 и поцинковани линии 2"=8;

- Извршени се вкупно 38 интервенции на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева;

- Одговорено е на повици од граѓани и правни лица и отклонети се вкупно 95 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);

- Извршена е санација на вкупно 10 главни вентили;

- Извршена е замена на вкупно 130 неисправни водомери;

- Извршени се 34 нови приклучувања на нови потрошувачи.

- Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 36 канализациони шахти;

- Извршени се вкупно 35 интервенции на отпишување на запишени канализации на главни линии;

- Одговорено е на вкупно 40 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

Покрај редовните и тековни активности, во 2020 година се извршени и следните активности:

**-Кеј на Брегалница и ул Царевоселска:**
- Изведба на атмосферска канализација ф315 во должина од 71м
- Изработка на армирано бетонски канал со решетка во должина од 24м
- Изведба на атмосферска канализација ф200 во должина од 7м

**-Населба Спортско рекреативен центар**
- Изградба на нова водоводна линија ф110 во должина од 110 метри со изгрдаба на 5 нови приклучни шахти.
- Изведба на фекална канализација ф200 со ревизиона шахта во должина од 30м
- Изведба на атмосферска канализација ф315 со ревизиони шахти во должина од 325м.

**-Населба Басарица**
- Изградба на нова водоводна линија ф63 во вкупна должина од 200 метри (со која е поврзана постоечката линија во кружен тек) со изградба на две нови водоводни шахти со вградување на вентили од 2 цола.
- Реконструкција на постоечките водоводни шахти.
- Изведба на атмосферска канализација со ревизиони шахти и сливници:

-ф 300 на ул Света Тројца во должина од 220м;

-Ф 250 на ул.Селничка во должина од 155м, на ул.Киселичка во должина од 115м и улица (неименувана) во должина од 50м;

-ф 200 на дел од ул.Басаричка во должина од 66м;

-ф 250 (неименувана улица) во должина од 250 метри и изградба на 6 армирано бетонски канализациони шахти со метални капаци;

- Поставување на заштитни цевки ф 100 за водоводна инсталација преку коловоз во должина од 56м
- Поставување на заштитни цевки ф 160 за водоводна инсталација преку коловоз во должина од 9м
- Изведба на дел од атмосферска канализација ф500 во должина од 55м

**-ул.Пере Тошев**
- Изведба на метална решетка за атмосферска канализација во должина од 3 метри и поставување на одводни цевки за атмосферска канализација ф315 во должина од 25метри.

**-с.Полето**
- Изведба на фекална канализација ф250 со ревизиони шахти во должина од 270м
- Изработка на монтажни армирано бетонски шахти за атмосферска и фекална канализација со армирано бетонски капаци-23 броја

**-с.Стамер**
- Изработка на фекална канализација ф200 во должина од 320м

**-с.Град**
- Продолжување на фекална канализација ф200 во должина од 90м

## ГРАДЕЖНА ГРУПА ВО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Градежната група во рамки на Секторот Водовод и канализација во текот на 2020 година ги има реализирано следните активности:

**-Населба 3-ти реон**

-Изградба на армирано бетонски потпорен ѕид на ул. Плачковица во должина од 15 метри и поставување на уличен бекатон во површина од 65м2;
-Изградба на тротоари со бекатон плочки во должина од 230 метри;
-Изградба на пристапни улици со тротоари од бекатон плочки во вкупна површина од 210м2;

**-Населба Први реон**

-Изградба на пристапна бекатонска патека со пропуст во должина од 220 метри и ширина од 2,2 метри;

**-с.Звегор**

-Изградба на улица со бехатон плочки во должина од 95 метри и ширина 3,5 метри.

**с.Габрово**

-Изградба на бекатонска пристапна патека во должина од 60 метри со потпорен ѕид на селски гробишта.

**-Парк кај маркет Жито (Старо пазариште)**

-Изградба и партерно уредување на мини парк пред маркет Жито кај старо пазариште.

-Изградба на бетонски тротоари околу нова црква во должина од 140 метри.

**-Стар расадник**

-Изградба на улица со бехатон плочки во должина од 160 метри и ширина од 4 метри.

**-Пешачки мост**

-Изградба на две пристапни патеки од бекатон плочки во површина од 40м2 И армирано бетонски степеници.

**-Градска капела**

-Изградба на пристпани патеки од бекатон плочки;
-Изградба на паркинг пред Градска капела И поставување на бетонски рабници 150бр.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА 2020 ГОД.

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Датум на набавка | Ед.цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Телефон HUAWEI Y6 2019 | 2 | 09.01.2020 | 6.355 | 14.998 |
| 2 | Дачија Дастер | 1 | 07.09.2020 | 911.779 | 1.075.899 |
| 3 | Алати и материјали за тековно одржување | | 01.01.2020 - 31.12.2020 | | 20.416 |
| 4 | Алуминиум сулгат | 24000 | 01.06.2020 | 13,61 | 385.520 |
| 5 | Натриум хипохлорид (ХЛОР во боци) | 700 литри | 01.01.2020 - 31.12.2020 | 38.00 | 31.388 |
| 6 | Течен хлор | 1400 литри | 07.03.2019 | 68.40 | 112.997 |
| 7 | Песок сепариран | 6m3 | 01.01.2020 - 31.12.2020 | 933 | 6.606 |
| 8 | Песок сепариран | 53m3 | 01.01.2020 - 31.12.2020 | 1017 | 63.603 |
| 9 | Плинска боца | 1 | 20.01.2020 | 2000 | 2.360 |
| 10 | Ел.материјали | | 01.01.2020 - 31.12.2020 | | 171.728 |

**ВКУПНО:** **1.885.515,00 ДЕНАРИ**

**СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево, приградските населби (Ѕвегорска река и Басарица) и селата Габрово, Ѕвегор, Полето, Град, Трабroom Тработивиште и Разловци како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад (IVECO Daily 65C, MERCEDES 2222 и MERCEDES 12.13) и два трактори IMT 565 и IMT 539 за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

Во извештајниот период (во 2020 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од вкупно 3600 домаќинствата и 290 правни лица во количина од 6.100 тони или 508 тони месечно.

Од правните лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 150 тони или во просек по 12,5 тони индустриски отпад месечно.

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма и од планината Голак на спортските терени а особено за време на одржување на Голачките Фолклорни средби кај бината каде што се одржува настанот.

Исто така редовно (два пати месечно) се вршеше и собирање на комуналниот отпад од Граничниот премин врз основа на склучен договор со Царинската Управа на РСМ.

Во есенските месеци Октомври, Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево, населба Звегорска река и Басарица со два камиони (FAP 1314 и MAN) и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен.

На неколку наврати извршено е и целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер BNT 105 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад, а извршено е и опесочување на истата со околу 80м$^3$ песок и шлунак.

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено санирање на самиот пат Делчево-Острец од причини што не е асфалтиран и постојано се оштетува а кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Во извештајниот период покрај редовното собирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните лица извршени се и следните активности:

- Чистење на дива депонија меѓу 2-ри и 3-ти реон во два наврати;
- Чистење на дива депонија на пат за Голак над Градските гробишта лево и десно од патот за Голак;
- Чистење на дива депонија во Црквенски ендек;
- Чистење на дива депонија во Очипала;
- Чистење на депонија за инертен отпад (градежен шут и растителен отпад) Ралова чука (4 пати);
- Чистење на дива депонија под градски гробишта;
- Чистење на дива депонија кај мостот на река Брегалница на ул.Индустриска (долен мост) од двете страни на реката Брегалница;
- Подигање на градежен шут покрај станбените комплекси, кај Пензионерски дом, кај старата зграда на Општината и на други локации;
- Чистење на коритото на река Брегалница и река Габровчица од наноси талог;
- Чистење на диви депонии во с.Град, с.Тработивиште и с.Разловци;
- Чистење на дива депонија десно од патот Делчево-Берово кај село Град
- Чистење на дива депонија лево од патот Делчево-Берово меѓу село Стамер и село Град (кај место викано Умин дол);
- Чистење на селските енедци во с.Стамер и с.Габрово.

**ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ВО 2020 ГОД.**

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Датум на набавка | Ед.цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алати и материјали за тековно одржување | | 01.01.2020 - 31.12.2020 | | 7.450 |

**ВКУПНО: 7.450,00 ДЕНАРИ**

## СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА

Секторот за одржување на паркови и зелени површини во извештајниот период ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности од својот делокруг на работа:

Одржувањето на парковите и јавните зелени површини е примарна активност на оваа работна единица и опфаќа: машинско и рачно косење на трева, гребулење, собирање и изнесување на тревата и друг отпад, садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на парковски клупи и реквизити, полевање на тревата и цвеќињата во летниот период, кроење на украсни дрвца и грмушки, кастрење на суви гранки и сл.

### МАШИНСКО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. м2 | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Триаголници кај семафорите и кај споменикот на Гоце Делчев | 400 | 28 | 11200 |
| 2 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 | 26 | 5200 |
| 3 | Парк пред Стопанска банка | 250 | 28 | 7000 |
| 4 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 2000 | 19 | 3800 |
| 5 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од семафори до с.Звегор) | 2000 | 13 | 2600 |
| 6 | Жардинерии на ул.М.Тито | 2000 | 23 | 4600 |
| 7 | Жардинерии на ул.М.М.Брицо | 2000 | 26 | 5200 |
| 8 | Градски парк пред спомен дом АСНОМ | 7500 | 25 | 187500 |
| 9 | Парк со езерца пред споменикот на Гоце Делчев | 4500 | 26 | 117000 |
| 10 | Парк на Кеј на Ослободувањето | 10000 | 25 | 250000 |
| 11 | Детски игралишта (Милково Брдо, старо Пожарно и Стрелиште) | 840 | 8 | 6720 |
| 12 | Мини парк на ул.Питу Гули | 200 | 6 | 1200 |
| 13 | Градски Стадион | 6050 | 23 | 139150 |
| 14 | Лево и десно од пешачката стаза од стар Монопол до с.Звегор | 5000 | 1 | 5000 |
| 15 | Градски гробишта (стари, средни и горни) | 2000 | 6 | 12000 |
| 16 | Мини парк кај Старо пазариште | 200 | 26 | 5200 |

**РАЧНО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА СО ТРИМЕР**

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косините лево и десно од мостот на река Брегалница (под стоковната куќа Пела и под црквата Св. Кирил и Методиј) | 10000 | 8 | 80000 |
| 2 | Кеј на река Брегалница | 10000 | 13 | 130000 |
| 3 | Корито на река Габровчица | 10000 | 6 | 60000 |
| 4 | Триаголник на спој на ул.В.Влаховиќ и ул. Македонска | 150 | 3 | 450 |
| 5 | Триаголник на ул.Пере Тошев | 150 | 3 | 450 |
| 6 | Триаголник на спој на ул. Пере Тошев, ул.В.Јоциќ и ул.Македонска | 150 | 3 | 450 |

**ГРЕБУЛЕЊЕ, СОБИРАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ТРЕВА И ДРУГ ОТПАД**

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење и чистење на зелена површина на ул. Пере Тошев | 1000 | 1 | 1000 |
| 2 | Странично чистење на ул.Острец, ул.Солунска, ул.М.М.Брицо и дел од ул.Скопска | 4000 | 2 | 8000 |
| 3 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 4000 | 2 | 8000 |
| 4 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од семафори до с.Звегор) | 4000 | 3 | 12000 |
| 5 | Чистење на ендек во Расадник и дел од ул.М.Тито и ул. Индустриска (околу Ветеринарна станица) | 1500 | 2 | 3000 |
| 6 | Странично чистење на ул.8-ми Септември | 1000 | 1 | 1000 |
| 7 | Чистење на просторот околу трансформатор во Милкво Брдо | 1000 | 1 | 1000 |
| 8 | Чистење на просторот пред маркет Жито | 100 | 4 | 400 |
| 9 | Странично чистење на ул.С.Марковиќ | 1000 | 3 | 3000 |
| 10 | Чистење на просторот околу детска градинка и автобуска станица | 1000 | 3 | 3000 |
| 11 | Странично чистење на дел од ул.Индустриска (од мостот на река Брегалница до ул.Бул.Македонија) | 1200 | 2 | 2400 |
| 12 | Чистење на просторот и косината над гимназијата М.М.Брицо | 600 | 3 | 1800 |
| 13 | Чистење на косината над ресторант Трла | 200 | 2 | 400 |

**САДЕЊЕ НА СЕЗОНСКО ЦВЕЌЕ**

| Р. Бр. | Локација-место | Ед, мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Градски парк пред Спомен-дом АСНОМ, Парк со Езерца, Парк пред Стопанска Банка, Парк пред комплекс "Делчевчанка", Парк на Кеј на Ослободување, Мини парк кај Старо пазариште и жардинерии на М.М.Брицо | Парче | 7100 |

Одржувањето на јавната чистота односно секојдневното метење на улиците и тротоарите по претходно изготвен План за собирањето на отпадоци од јавните површини е исто така една од редовните активности на ова работна единица.

**МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| ДЕН | РЕОН - УЛИЦИ | Површ. $м^2$ | Повторување |
|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Градски парк АСНОМ, паркинг пред собрание, ул.С.Марковиќ и ул.М.М.Брицо (од мостот до семафорите), ул.М.Тито и Градски пазар | 11.000 | 52 |
| ВТОРНИК | Градски полигон, ул.Кеј на Ослободување, парк во Ново Делчево, парк Езерца и двоен терен за тенис кај стадионот и ул.Н.Ј.Вапцаров | 9.800 | 52 |
| СРЕДА | Ул.М.М.Брицо (од старо Собрание до семафори), ул.Бул.Македонија (од семафори до Скопјанка) | 5.200 | 52 |
| ЧЕТВРТОК | Ул.Бул.Македонија (од семафори до МВР), ул.М.Тито (од мосто до Хотел Македонија) и ул.С.Марковиќ | 6.200 | 52 |
| ПЕТОК | Ул.М.М.Брицо (од семафорите до МВР), ул.С.Марковиќ и ул.Н.Ј.Вапцаров и Градски пазар | 6.000 | 52 |
| САБОТА | Градски пазар | 1.800 | 52 |

Покрај редовните активности во 2020 година оваа работна единица ги има извршено и следните дополнителни активности:

- Чистење на просторот од двете страни на пешачката патека од Делчево до с.Звегор (чистење од растителен отпад, кастрење на диви гранки, косење на трева со тримерки и собирање отпадоци);
- Хортикултурно уредување и оплеменување со засадување на зимзелени украсни дрвца и цветен аранжман во мини паркот кај Старо пазариште (пред Жито маркет)
- Хортикултурно уредување и оплеменување на просторот околу споменикот на Н.Ј.Вапцаров пред Спомен-домот АСНОМ, обогатено со цветен аранжман околу споменикот;
- Чистење на просторот од двете страин на улица Маршал Тито од касарната до населба Стрелиште (чистење на растителен отпад, кастрење на диви гранки и грмушки, косење на трева со тримерки и собирање на отпадоци);
- Косење на просторот позади детската градинка "Весели Цветови";
- Косење на трева и чистење на просторот посада трибини на Градски стадион;
- Засадени се вкупно 84 зимзелени украсни дрвца на разделот на коловозот на Булевар Македонија од семафорите до Графопак;
- Чистење и косење трева на двор на Гранична полиција и на двор на АВРМ;
- Косење на трева и чистење на просторот околу бината и манастирот Св.Пантелејмон на планината Голак;
- Чистење и косење на трева на просторот околу и во селските гробишта во с.Габрово, с.Град, с.Вирче и с.Тработивиште;
- Чистење и косење на трева во централното селко подрачје во с.Тработивиште.
- Косење на трева со тримерки во с.Разловци (просторот околу основното училиште "Климент Охридски", дворот на црквата "Св. Цар Константин и Царица Елена и просторот околу Спомен-домот "Разловечко Востание").
- Поставување знамиња и натписи на летната бина за секој државен празник и секоја манифестација;
- Новогодишно украсување на градот.

**ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА 2020**

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Датум на набавка | Ед.цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Калорифер 600w | 1 | 15.01.2020 | 5.508 | 6.499 |
| 2 | Dulevo Машина за метење на улици | 1 | 04.03.2020 | 4.324.936 | 5.103.424 |
| 3 | Компјутер интел Г4920 | 1 | 21.01.2020 | 11.905 | 14.048 |
| 4 | Алати и материјали за тековно одржување | | 01.01.2020 - 31.12.2020 | | 4747 |
| 6 | Цвеќиња и течно ѓубриво | | 01.01.2020- 31.12.2020 | | 100507 |

**ВКУПНО** **5.229.225,00 ДЕНАРИ**

**-Одржување на јавното улично осветлување**

ЈКП Брегалница-Делчево покрај другите дејности од јавен интерес врши и одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.

Во делокругот на оваа дејност реализирани се следните активности:

- Поради дотраеност на постоечките дрвени електрични столбови и поставување на нови бетонски столбови од страна на ЕВН дислоцирана е и постоечка инсталација и заменет обичен Al - кабел од 16мм2 и 25мм2 со самоносечки кабел (СКС 2х16мм2) во должина од околу 4000м1 во градот Делчево и сите села од општината;

- Поставени се околу 230 нови канделабри во градот и селата со LED светилки од 24W.

- Извршена е редовна замена на околу 500 улични светилки како и редовна замена на парковски светилки со LED светилки од 15W.

- Поставена е нова линија во с.Драмче (Димовска маала) со 20 нови улични светилки;

- Поставена е нова линија во населба кај Студена чешма со 10 нови светилки;

- Моментално во Општина Делчево заменети се сите флукомпатибилни (штедливи), живини и натриумови светилки со LED светилки од 24W а во парковите со LED светилки од 15W.

- Вршено е редовно сервисирање и одржување на семафорите со замена на дотраени со нови 100w светилки со волфрамово влакно.

- Изработка и поставување на системи за дезинфекција на возилата на 4 пунктови (влез на Делчево кај ЕВН, влез на Делчево кај Графопак, на Граничен премин и на регионалниот пат Делчево-Берово кај с.Тработивиште.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2020 ГОД

### 1. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РСМ бр.159/09, 64/10 и 107/11 кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва (Службен весник на РСМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 48/10, 24/11). Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар.

Просечниот број на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2020 год. изнесува 81.

### 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните:

1. **Нематеријални средства** евидентирани во годишната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување. Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства (книговодствен софтвер) е засновано на нивниот кристен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.
2. **Материјалните средства** (Недвижностите, постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намелена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизавија е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки:
   а) Згради (високо ниска градба) ................ 2.5%
   б) Моторни возила ........................................ 25%
   в) Компјутери ............................................... 25%
   г) Мебел и опрема ...................................... 10-25%
3. **Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.
4. **Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.
5. **Приходите од продажба** се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите се прикажани пофактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ:**

ЈКП Брегалница - Делчево во своето работење за 2020 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од **974.938,00 денари (нето добивка по оданочување).**

## ПРИХОДИ

**Вкупно остварените приходи од работењето во 2020г. изнесуваат 45.837.668,00 ден**

| Р. бр | Приходи | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење-физички и правни лица | 16046170 | 16319008 | 15277610 | 17899519 | 17112153 |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 4560236 | 4646554 | 4287438 | 5837486 | 5471244 |
| 3 | Приходи од фактурирање на отпад | 11045579 | 11200845 | 11454288 | 11617079 | 11582121 |
| 4 | Приходи од погребални услуги | 235365 | 636 | 15416 | 14931 | 0 |
| 5 | Приходи од приклучок на водовод | 301660 | 424920 | 228700 | 215870 | 209190 |
| 6 | Приходи од магацин | 199528 | 12472 | 14302 | 28200 | 55984 |
| 7 | Приходи од резервации | 30400 | 15600 | 14800 | 6800 | 5200 |
| 8 | Приходи од ковчег со крст | 25001 | 150 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Приходи од канти за отпад | 33405 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Плаќање на целокупната обврска по долг за погребални услуги | 6260 | 0 | 0 | 1710 | 7140 |
| 11 | Приходи-поврат судски од извршител | 0 | 104620 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Приходи од уништување на текстилна роба | 10000 | 800 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Приходи од вредносно усогласување на останати мат.с-ва | 0 | 0 | 531 | 0 | 0 |
| 14 | Приходи од управување со гробишта | 0 | 209194 | 176119 | 165999 | 161742 |
| 15 | Приходи од водомери | 87661 | 581373 | 95399 | 11172 | 205852 |
| 16 | Приходи од радиомодули | 5181 | 1005 | 3958 | 5348 | 6525 |
| 17 | Приходи од конструкција за паркирање велосипеди | 0 | 3220 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 94500 | 102000 | 61500 | 43500 | 97500 |
| 19 | Приходи од гробна такса | 643160 | 670740 | 682280 | 697520 | 707340 |
| 20 | Приходи од ново гробно место | 615720 | 134247 | 224196 | 183962 | 232414 |
| 21 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 10600 | 6000 | 6750 | 9750 | 0 |
| 22 | Приходи од такса од полигон за полагање | 72817 | 89046 | 130888 | 149018 | 60772 |
| 23 | Приходи од пазарна такса | 1279646 | 1374423 | 1359633 | 1263420 | 959321 |
| 24 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 108000 | 165000 | 175500 | 168000 | 273000 |
| 25 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 275021 | 83996 | 66864 | 260 | 17485 |
| 26 | Приходи од набавка и уградување на сервисирани водомери | 10620 | 3220 | 0 | 0 | 0 |
| 27 | Приходи од резервирано гробно место | 0 | 0 | 0 | 27016 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 1356075 | 679367 | 1382770 | 1111440 | 628313 |
| 29 | Извршена услуга со моторна пумпа за вода | 0 | 0 | 0 | 1000 | 0 |
| 30 | Приходи од закупнина | 61200 | 61200 | 61205 | 61200 | 45906 |
| 31 | Приходи од одржување на јавна чистота | 1763980 | 1814700 | 1845120 | 1877000 | 1899380 |
| 32 | Приходи -изработка на предмет пресметка за приклучок на вода | 0 | 0 | 0 | 34325 | 0 |
| 33 | Приходи од изработка на бетонска шахта со капак | 0 | 0 | 0 | 3000 | 0 |
| 34 | Приходи од изработка на капак за водоводни шахти | 6800 | 4000 | 2203 | 0 | 0 |
| 35 | Приходи од чистење депонија од инертен отпад | 39000 | 87000 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Приходи по основ на сопствени услуги | 2472200 | 1958260 | 1845120 | 1877000 | 1899380 |
| 37 | Приходи од вишоци по попис | 29 | 13090 | 24085 | 9455 | 383 |
| 38 | Приходи од минати година | 374713 | 307045 | 318868 | 324776 | 332600 |
| 39 | Приходи од реклами донации спонзорства | 19065 | 19065 | 0 | 0 | 0 |
| 40 | Приходи од државни подршки,донации,субвенции | 0 | 0 | 0 | 779235 | 2626933 |
| 41 | Приходи од наплатени судски трошоци | 6270 | 39670 | 25151 | 2700 | 3569 |
| 42 | Вонредни приходи | 148866 | 49523 | 16060 | 5630 | 7086 |
| 43 | Останати приходи од работењето | 13266 | 66861 | 57610 | 85853 | 733 |
| 44 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40676 | 40676 | 40676 | 40676 | 40676 |
| 45 | Приходи за надомест на штета | 0 | 3600 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Приходи од финансирање на елс за третман на вода | 0 | 0 | 0 | 563118 | 0 |
| 47 | Приходи од нотарски трошоци | 0 | | 0 | 0 | 900 |
| 48 | Приходи по основ на камати по видување | 244 | 235 | 73 | 190238 | 89 |
| 49 | Приходи од поврат на наград извршител | 0 | 14428 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Приходи по спогодба | 0 | 26372 | 0 | 0 | 0 |
| 51 | Приходи од ископ на земја и транспорт на мат. до депонија | 6850 | 0 | 2500 | 0 | 0 |
| 52 | Приходи од извршени услуги | 1700 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 53 | Приходи од утовар и транспорт на земја | 7800 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Приходи од градежни работи | 8200 | 0 | 5085 | 0 | 0 |
| 55 | Приходи од машински ископ на канализационен ров | 0 | 0 | 3000 | 0 | 28120 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 60980 | 207431 | 241886 | 0 | 200698 |
| 57 | Приходи од користење вода /хидрант | 0 | 5000 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Приходи од канализација-ел. сајла | 0 | 21000 | 47200 | 63617 | 39271 |
| 59 | Приходи од одржување на граничен премин Делчево | 0 | 0 | 304913 | 456190 | 792790 |
| 60 | Приходи од уградување на бехатон плочки | 0 | 0 | 450 | 0 | 0 |
| 61 | Приходи од доплата за гробно место | 0 | 0 | 28275 | 0 | 0 |
| 62 | Приходи од отстранување дефект на водоводни линии | 0 | 2000 | 0 | 17385 | 0 |
| 63 | Приходи од рачен ископ на канализационен ров | 3675 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 64 | Приходи од рачен ископ на водоводен приклучок | 1200 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 65 | Приходи од користење на вода | 2500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Приходи од отпис на обврски | 325814 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 67 | Приходи од надомест на штета | 9620 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 68 | Приходи од рачно откопување на подземни инсталации | 0 | 0 | 0 | 0 | 9775 |
| 69 | Приходи од набавка и поставување ситен песок околу пе црево | 0 | 0 | 0 | 0 | 1800 |
| 70 | Приходи од набавка и уградување на водоводни фасонски делови | 0 | 0 | 0 | 0 | 1683 |
| 71 | Приходи од машинско штемање на шахти | 0 | 0 | 0 | 0 | 3000 |
| 72 | Приходи од рачно планирање на каналски ров | 0 | 0 | 0 | 0 | 2300 |
| 73 | Приходи од изработка на водомерна шахта од бетонски блок | 0 | 0 | 0 | 0 | 16500 |
| 74 | Приходи од монтажа на пек дн 315 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50800 |
| 75 | Приходи од празнење на септичка јама | 0 | 0 | 0 | 0 | 4000 |
| 76 | Приходи од користење на градска капела | 0 | 0 | 0 | 0 | 36000 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ** | **42427253** | **41569592** | **40528422** | **45850398** | **45837668** |

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи од работењето во 2020г.изнесуваат 44.813.857,00 денари**

| Конто | Назив на контото | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровин | 839957 | 830212 | 1079204 | 1444869 | 964929 |
| 401 | Трошоци за материјали | 272693 | 503805 | 235561 | 272399 | 214993 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 3889494 | 4711983 | 3315679 | 4223670 | 3700896 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 903604 | 628646 | 718041 | 593812 | 997661 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 297637 | 391976 | 54444 | 314506 | 228489 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 83600 | 98948 | 95918 | 119753 | 110696 |
| 412 | Трошоци за надворешни услуги | 21000 | 0 | 44554 | 1667 | 6938 |
| 413 | Трошоци за одржување | 606130 | 562958 | 171340 | 590632 | 397661 |
| 414 | Трошоци за закупнина | 465 | 12511 | 1800 | 0 | 0 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги-ј.чистота | 1852179 | 1905141 | 1937376 | 2008450 | 1996949 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | 3400 | 0 | 4500 | 1500 | 23056 |
| 419 | Останати услуги | 2480985 | 943681 | 2408267 | 4743554 | 3953683 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 21995506 | 24480059 | 25689144 | 24409920 | 26711215 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 436644 | 205748 | 339016 | 423790 | 137600 |
| 430 | Трошоци за амортизација-гр.дел и опрема | 1637302 | 1614437 | 1616507 | 2312580 | 2624756 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила | 583190 | 623433 | 555303 | 946795 | 1551402 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 102000 | 54480 | 51200 | 117178 | 18766 |
| 441 | Помош во случај на смрт-сол. ф. | 15800 | 17400 | 29700 | 0 | 0 |
| 442 | Трошоци за управен одбор | 13332 | 34664 | 59990 | 30659 | 27993 |
| 443 | Трошоци за спонзорство/донации | 17000 | 89522 | 16186 | 37967 | 9458 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 190544 | 192682 | 79536 | 201304 | 147094 |
| 446 | Банкарски услуги | 145750 | 187010 | 171110 | 177355 | 165406 |
| 447 | Данок на имот,админист.такси | 19493 | 18643 | 42499 | 0 | 3600 |
| 449 | Останати трошоци од работење | 545424 | 518257 | 500625 | 577034 | 619492 |
| 455 | Отпис на побарувања | 2671 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 466 | Траен отпис на побарувања | 0 | 0 | 0 | 1143780 | 0 |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност -материјалните ссредства | 0 | 20368 | 58894 | 0 | 0 |
| 469 | Останати расходи од работењето | 55061 | 904974 | 230894 | 186693 | 53059 |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки ,фин.лизинг | 38312 | 15408 | 871 | 4760 | 10271 |
| 479 | Камати за ненавремено платени ј.давачки | 0 | 59442 | 0 | 0 | 369 |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 28443 | 349603 | 38222 | 17604 | 137425 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **37077616** | **39975991** | **39546381** | **44902231** | **44813857** |

**ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА**
**(заклучно со 31/12/2020)**

**Фактурирано/Наплатено**
**-ДОМАЌИНСТВА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Домакинства | 01/2020 | 2.413.430 | 2.278.590 | 95% | 134.840 |
| Домакинства | 02/2020 | 2.388.966 | 2.249.950 | 94% | 139.016 |
| Домакинства | 03/2020 | 2.406.026 | 2.249.353 | 93% | 156.673 |
| Домакинства | 04/2020 | 2.509.183 | 2.343.269 | 93% | 165.914 |
| Домакинства | 05/2020 | 2.682.141 | 2.482.427 | 92% | 199.714 |
| Домакинства | 06/2020 | 2.722.211 | 2.500.711 | 92% | 221.500 |
| Домакинства | 07/2020 | 3.007.544 | 2.693.624 | 90% | 313.920 |
| Домакинства | 08/2020 | 2.921.309 | 2.587.037 | 88% | 334.272 |
| Домакинства | 09/2020 | 2.952.487 | 2.485.565 | 84% | 466.922 |
| Домакинства | 10/2020 | 2.759.361 | 2.183.541 | 79% | 575.820 |
| Домакинства | 11/2020 | 2.623.965 | 1.782.002 | 68% | 841.963 |
| Домакинства | 12/2020 | 2.555.980 | 8.274 | 0.32% | 2.547.706 |
| **ВКУПНО** | | **31.942.610** | **25.844.349** | **81%** | **6.098.261** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ПРАВНИ ЛИЦА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Правни лица | 01/2020 | 665.813 | 636.650 | 96% | 29.163 |
| Правни лица | 02/2020 | 627.772 | 599.047 | 95% | 28.725 |
| Правни лица | 03/2020 | 548.411 | 517.135 | 94% | 31.276 |
| Правни лица | 04/2020 | 524.494 | 461.029 | 88% | 63.465 |
| Правни лица | 05/2020 | 552.749 | 487.139 | 88% | 65.610 |
| Правни лица | 06/2020 | 599.747 | 535.289 | 89% | 64.458 |
| Правни лица | 07/2020 | 659.520 | 589.095 | 89% | 70.425 |
| Правни лица | 08/2020 | 692.809 | 580.266 | 84% | 112.543 |
| Правни лица | 09/2020 | 604.827 | 506.632 | 84% | 98.195 |
| Правни лица | 10/2020 | 612.313 | 500.323 | 82% | 111.990 |
| Правни лица | 11/2020 | 637.200 | 461.756 | 72% | 175.444 |
| Правни лица | 12/2020 | 648.802 | 0 | 0% | 648.802 |
| **ВКУПНО** | | **7.374.462** | **5.874.366** | **80%** | **1.500.096** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ГРАДСКИ ПАЗАР**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Градски пазар | 01/2020 | 89.244 | 86.546 | 96% | 2.698 |
| Градски пазар | 02/2020 | 87.144 | 79.646 | 91% | 7.498 |
| Градски пазар | 03/2020 | 87.744 | 79.546 | 91% | 8.198 |
| Градски пазар | 04/2020 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Градски пазар | 05/2020 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Градски пазар | 06/2020 | 124.194 | 112.794 | 91% | 11.400 |
| Градски пазар | 07/2020 | 131.694 | 120.294 | 91% | 11.400 |
| Градски пазар | 08/2020 | 129.894 | 110.694 | 85% | 19.200 |
| Градски пазар | 09/2020 | 125.095 | 101.995 | 81% | 23.100 |
| Градски пазар | 10/2020 | 120.895 | 91.245 | 76% | 29.650 |
| Градски пазар | 11/2020 | 107.996 | 67.646 | 63% | 40.350 |
| Градски пазар | 12/2020 | 95.995 | 36.398 | 38% | 59.597 |
| **ВКУПНО** | | **1.099.900** | **886.808** | **81%** | **213.092** |

**Забелешка:**

Битен сегмент во работењето на ентитетот за извештајниот период 2020 год е **намалувањето на долгорочните обврски на ентитетот за 844.840,00 денари**.

Ова намалување на долгорочните обврски се должи на отплатени обврски по основ на даночни долгови со кои ентитетот бил задолжен со решение од УЈП бр.28-19/4 од 09.03.2018 год

**ВКУПНО(главен долг и камати) =7.603.552 ден**

**Отплатени обврски во текот на 2020 год**

2.Долгорочни обврски за камата ДД =844.840,00 ден

**ВКУПНО ОТПЛАТЕНИ: =844.840,00 ден.**

**ПРЕОСТАНАТ ДОЛГ СПРЕМА УЈП: =895.371,00 ден.**

11.03.2021 год.
Делчево

ЈКП Брегалница-Делчево
Директор
Стојче Стојковски

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево